Врз основа на член 34 од Статутот на Ракометна Федерација на Македонија, Управниот одбор на Ракометна Федерација на Македонија на ден 04.06.2021 година го донесе следното:

**УПАТСТВО**
**меѓународни трансфери на играчи**

**ПОСТАПКА ЗА ИГРАЧИ КОИ ПРАВАТ ТРАНСФЕР ВО СТРАНСКИ КЛУБ**
**(ПРЕМИН ОД РФМ кон ЕHF-IHF)**

Играчот (ракометар/ка во понатамошниот текст-Играч) за започнување на постапка за премин од Ракометната федерација на Македонија (во натамошниот текст: РФМ) кон друга Национална Федерација, првично клубот за кој настапува добива известување од РФМ дека има барање за трансфер на играчот од клуб / Националната Федерација која го побарува играчот на дигитална платформа на ЕHF, ,клубот е должен веднаш да ја извести РФМ за статусот на играчот во клубот каде настапува и да го проследи на барателот односно РФМ, дали истиот е со статус на слободен играч или е под важечки Договор, во случај да :

- Играчот е со статус без важечки Договор , клубот ја информира РФМ и се проследува информацијата до клубот односно Националната Федерација на клубот која го побарува и се реализира трансферот кон EHF/IHF ,односно на EHF on-line платформата ;
- Играчот е со статус на важечки Договор , клубот членка на РФМ е должен да стапи со клубот кој го побарува играчот и да ги договорат условите под кои би ги отстапиле или истиот не може да биде отстапен, по конкретизирање на условите претходно наведени клубот членка на РФМ е должна да достави писмено известување до РФМ.

По издавање на сертификатот ЕHF (IHF) од страна на РФМ за играч со кој се потврдува трансферот , РФМ ја отстранува неговата регистрација/лиценца од Регистарот за регистрација на ракометари/ки во дата базата на РФМ.

**Износ на такса за трансфер на играчи за компензација за едукација**

Клубот има право на надомест на компензација за едукација на играчи за трансфер кон друга Национална Федерација во следниве услови (согласно регулативата на IHF):

- За играч постар од 16 години и помлад од 23 години чиј договор истекол не подолго од 1 (една) година, EHF ги доставува старосните ограничувања за секоја натпреварувачка сезона и истите се јавно достапни . Клубот има право да бара надомест за компензација за едукација за трансфер на играчи за секоја сезона кога имал важечки договор со

предметниот играч, кој бил пријавен во EHF од страна на РФМ во системот за регистрација на играчи под договор во EHF online платформата.
- ако има валиден договор со играч постар од 16 години и помлад од 23 години, што е пријавен во EHF од страна РФМ по известувањето согласно регулативата.
- Договор кој е истечен во времето на трансферот на играчот не се смета за валиден.

Во сите други случаи, договор кој не е заверен и пријавен во РФМ, клубот нема право на компензација за едукација за ракометарот во постапка на трансфер.

ЗАБЕЛЕШКА:
- Износот на таксата за компензацијата за едукација е согласно регулативата и актите на EHF/IHF, истата се третира според возрасни ограничувања до максимален износ определен од страна на EHF/IHF согласно регистарот на IHF за поседување договор.
- РФМ не наплаќа такса (комепензација за едукација) и истата се третира помеѓу засегнатите ракометни клубови.
- Клубовите се обврзани сами да ги наплатат своите побарувања за надоместок на компензација на едукација за предметниот играч.

**ПОСТАПКА ЗА ПОЗАЈМУВАЊЕ НА ИГРАЧИ ОД КЛУБ ОД ДРУГА НАЦИОНАЛНА ФЕДЕРАЦИЈА**

Играч кој е на позајмица во клуб од друга национална федерација е обврзан да има договор со матичниот клуб и може да премине во клубот само како играч со договор во кој ќе биде потенциран периодот на позајмицата на EHF платформата.

Клубот односно играч кој се побарува на позајмица, ќе добие известување од РФМ дека од друга национална федерација/клуб пристигнало барање за трансфер/позајмица на играч, и има обврска да контактира со клубот и писмено да ја извести РФМ .

Клубот од кој играчот оди на позајмица е должен да  достави во РФМ: Договорот за позајмица за играч на англиски јазик, заверен со печат на двата клуба, потпишан од одговорните лица на клубовите и потпишан лично од играчот кој оди на позајмица.

По поднесувањето на Договорот за позајмица на ракометарот до РФМ, РФМ ја покренува постапката за позајмување играч преку EHF/IHF платформата за трансфер на играчи.

По добивањето на сертификатот од страна на EHF (IHF), со кој се потврдува трансферот на играч во друга национална федерација на позајмица, РФМ привремено ќе ја стопира неговата регистрација/лиценца од Регистарот за регистрација на ракометари во систем на натпревари при РФМ.

**Напомена :**

- РФМ не наплатува такса за позајмица и истата се третира помеѓу засегнатите ракометни клубови.

- Надоместокот што клубот го побарува за предметната позајмица на играчот, не е предмет на преговори на РФМ, условите за позајмица на играчот се договараат помеѓу спортските субјекти.
- До колку за време на периодот на позајмица, играчот има обврска да се врати во матичниот клуб пред истек на договорениот период на позајмица, двата клуба мора да дадат писмена информација за заедничкиот договор.
- По истекот на периодот на позајмица на играчот во клубот од друга национална федерација, играчот веднаш се враќа во матичниот клуб од кој заминал на позајмица, матичниот клуб нема обврска за плаќање на трансферната такса на играчот.

**ПОСТАПКА ЗА ИГРАЧИ КОИ ПРАВАТ ТРАНСФЕР ОД ДРУГА НАЦИОНАЛНА ФЕДЕРАЦИЈА КОН РФМ**

**(ПРЕМИН ОД EHF-IHF кон РФМ)**

Клуб кој сака да регистрира играч кој доаѓа од друга национална федерација односно клуб, доставува до РФМ пополнет образец - барање за интернационален трансфер на играч од друга национална федерација односно клуб, клубот откако ќе го достави пополнетиот формулар за барање РФМ ја покренува постапката за процесуирање на трансферот.

РФМ испраќа барање за интернационален трансфер до EHF/IHF , EHF/IHF издаваат фактури за плаќање на надоместоците за таксите согласно регулативата на IHF за трансфер на ракометари помеѓу федерации.

По приемот на фактурите за плаќање на надоместоците за трансфер на играчи, клубот плаќа на Федерацијата од која доаѓа играчот и EHF за континентален трансфер односно таксата ја наплаќа IHF ако станува збор за интерконтинентален трансфер.

Се препорачува клубот, по извршената уплата во странство, да достави до РФМ потврда за девизна уплата (SWIFT од банката), истата се доставува до EHF/IHF.

По добивањето на сертификатот од националната федерација од која потекнува играчот и потврдениот сертификат од EHF (IHF), РФМ согласно регистрациониот правилник и доставените документи од страна на ракометниот клуб врши регистрација и лиценцирање на играчот.

ВАЖНО: Странски државјани на возраст под 16 години, на кои не им е наплатена меѓународна такса за трансфер , како и играчи со статус на студент или ученик, можат да се регистрираат само со статус на студент или ученик согласно издадениот трансфер сертификат.

Играчите од странство со статус на студент или ученик не смеат да го менуваат овој статус 24 месеци, во спротивно клубот ќе биде должен да ја доплати таксата (разликата во износот за издавање на сертификатот) согласно регулативата за меѓународен трансфер на играчи помеѓу федерации од EHF/IHF.

**Надоместоци за трансфери на континентални интернационални играчи:**

Надоместокот за трансфер на играч НЕ се плаќа за играчи на возраст под 16 години, кои немаат договор со клубот од кој доаѓаат и имаат статус на играч без договор во ракометниот клуб во РФМ.

Надоместок за трансфер на играч од 280,00 € (140,00 ЕУР на Федерацијата од која доаѓа играчот и 140,00 ЕУР на ЕHF) се плаќа за играчи постари од 16 години, во следниве случаи:

- кои немаат договор со клубот од кој доаѓаат и во ракометниот клуб во РФМ имаат статус на играчи без договор ;
- за играчи со договор кои немаат играно повеќе од 12 месеци и имаат статус на играчи без договор во ракометниот клуб во РФМ.

Според член 9.2.2 од правилата на IHF за трансфер на играч, играч стекнува статус на ИГРАЧ БЕЗ ДОГОВОР, 12 месеци по истекот на договорот помеѓу играчот и клубот.

Надоместокот за трансфер на играчот во износ од 2.840,00 евра (1.420,00 ЕУР на Федерацијата од каде што доаѓа играчот и 1.420,00 EHF) се плаќа во следниве случаи:

- играчот има договор со клубот од кој доаѓа, а во ракометниот клуб во РФМ ќе има статус на играч без договор;
- играчот нема договор со клубот од кој доаѓа, а во ракометниот клуб во РФМ ќе има статус на играч со договор;
- играчот има договор со клубот од кој доаѓа, а во ракометниот клуб во РФМ ќе има статус на играч со договор.

Надоместоци за интерконтинентални меѓународни трансфер на играчот во износ од 3.000,00 швајцарски франци (1.500,00 CHF на Федерацијата од каде што играчот доаѓа и 1.500,00 CHF на IHF) се плаќа во следниве случаи:

- играчот има договор со клубот од кој доаѓа, а во ракометниот клуб во РФМ ќе има статус на играч без договор;
- играчот нема договор со клубот од кој доаѓа, а во ракометниот клуб во РФМ ќе има статус на играч со договор;
- играчот има договор со клубот од кој доаѓа, а во ракометниот клуб во РФМ ќе има статус на играч со договор.

Доколку играчот е без договор и има статус на играч без договор во ракометниот клуб во РФМ, таксата за трансфер е 300,00 швајцарски франци (150,00 CHF до Федерацијата од која доаѓа играчот и 150,00 CHF во IHF).

**НАПОМЕНА:**

- РФМ ја започнува процедурата за регистрација на играчот во системот на РФМ врз основа на конечната потврда за издавање на меѓународниот трансфер сертификат од страна на EHF или IHF.

- Надоместоците за трансфери се одредуваат од страна на EHF и IHF , односно Европската и Светската Ракометна Федерација и истите се менлива категорија.
- Трансферите на меѓународни играчи се регулирани со прописите на IHF за трансфери на играчи меѓу Националните Федерации, сите регулативи кои произлегуваат од постапката се достапни и може да се прочитаат на следниот линк на IHF - Светска Ракометна Федерација (линк до регулативата).

https://www.ihf.info/regulations-documents/377?selected=Transfer%20and%20Player%20Eligibility

Ракометна Федерација на Македонија